**АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -ЛОНДОН**

**Предмет: нови прописи за лица кои ги прекршиле имиграционите закони на ОК**

Граничната Агенција на ОК (UK Border Agency), надлежна за визниот режим и за регулирање на престојот на странците во државата, ја извести Амбасадата за измени на прописите во поглед на третманот на барањата за добивање визи за ОК, за лицата кои претходно ги прекршиле имиграционите закони на државата.

Новите прописи, кои влегле во сила на 01.04.2008, имаат за цел:

- Построго санкционирање на лицата кои ги прекршиле прописите на ОК, со што би се пратила порака до лицата кои прв пат доаѓаат во ОК, да ги почитуваат законите или да се соочат со санкции;
- Да се известат мигрантите кои незаконски престојуваат во државата, за одредени поволности кои би ги добиле лицата кои самоиницијативно ќе заминат во покус рок по изминување на рокот на визата, за разлика од оние кои чекаат долго време и принудно бидат вратени од надлежните во ОК.

Со новите прописи се предвидува:

- Секој што претходно се служел со измами, сите негови идни апликации за влез во ОК ќе бидат одбивани во период од 10 години ;
- Секој кој претходно, на било кој начин ги прекршил британските имиграциони закони (останување во државата по истекот на важноста на визата, илегално влегол во државата, давал неточни податоци пред властите при поднесување барање за виза, назаконско вработување), ќе му биде забранет влез во ОК, за период во зависност од тоа на кој начин ја напуштил државата:
    - 1 година, доколку заминале доброволно, при што сами ги покриле трошоците за заминувањето;
    - 5 години доколку заминале доброволно, на сметка на надлежните органи во ОК
    - 10 години доколку бидат депортирани.

Со цел да се охрабрат лицата кои во моментов незаконски престојуваат во ОК, новите правила нема да се применат кон никого кој престојувал во ОК на 17 Март 2008 и кој доброволно ќе замине пред 01 октомври 2008, мерка со која надлежните во ОК., даваат последна шанса за тие што сакаат да заминат без да сносат санкции.

За лицата кои ќе заминат пред 01 октоври 2008, новите прописи нема автоматски да бидат применети. Известуваат дека доколку тие лица кои во иднина би сакале да поднесат барање за имигрантска виза, ќе мора да ги исполнат вообичаените барања и услови за нејзино добивање.



Suites 2.1 & 2.2, Buckingham Court, 75-83 Buckingham Gate, London SW1E 6PE
tel . +44 207 976 0535 fax: + 44 207 976 0539
e-mail: info@macedonianembassy.org.uk